При класификација на лицата кои можат да се јават како субјекти, веќе споменавме дека правно лице не може да се јави во улога на примател на издршка. Правните лица се субјект на правото кои изразуваат правно релевантна волја, имаат свој имот, зад кој стојат група физички лица на кои правото им дозволува да дејствуваат како една индивидуа со цел да постигнат одредени цели. Врз основа на оваа дефиниција, а и претходно кажаното, можеме да заклучиме дека правно лице може да се најде само во улога на давател на издршка. Правната рамка на

[3] Доколку не се почитува строгата форма, договорот ќе биде ништовен.
[4] Независно што според законот за семејство брачните другари се должни заемно да се помагаат и да се издржуваат, не е исклучена можноста да склучи и договор за доживотна издршка, кога тоа е во нивен интерес и кога имаат таква волја.

договорот за доживотна издршка во нашиот правен систем не содржи правни норми кои се јасни во однос на тоа кои правни лица можат да се јават како страна на давател на доживотна издршка и какви се нивните права и обврски. Се остава дилема дали сите правни лица имаат можност да бидат даватели на издршка или законот ја резервира таа можност само за одредени форми на правни лица. Согласно науката и праксата покажуваат дека правните лица можат да бидат даватели на доживотна издршка, доколку тоа не е во спротивност со нивниот статут, односно правилата според кои работат (Чавдар, 2012). Сепак сметаме дека е неопходно законот јасно да ги определи категориите на правни лица кои може да настапуваат како даватели на издршка. Примерот на појаснување може да биде вклучувањето на одредба во законот која ќе специфицира дека во случај да правно лице настапува како договорна страна, обезбедувањето на издршка не смее да биде во спротивност со дејноста која ја врши правното лице. Овој вид на прецизност во формулирањето на законските одредби ќе спречи нејаснотии и разлики во толкувањето на законот, а исто така ќе обезбеди конзистентност и стабилност во правната пракса.[5] Исто така, законодавецот, заради правна сигурност, треба преку систем на набројување да прецизира за кои правни лица се однесува одредбата. Во спротивно ќе се смета за дозволено да се склучуваат вакви договори со правни лица кои во рамките на нивната професија не се занимаваат со грижа и нега за примателите на издршката.

Согласно Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104, 2019), во случаите кога полнолетно лице кое има имот или приход од имот, кој ја надминува висината на правото на гарантираната минимална помош или правото на социјалната сигурност за старите лица и поднело барање за остварување на услуга за вон-семејна заштита[6], центарот за социјална работа со лицето може да склучи договор за доживотно издржување согласно со закон, а по претходна согласност на Министерството.[7] Ова значи дека според овој закон, Центарот за социјални работи, како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита, може да настапи како давател на издршка. Во рамките на овој договор, давателот на издршката има обврска да ги подмирува трошоците за сместување и грижа на примателот на издршката во дом за стари лица и да го погребе на местото избрано од примателот, со целосно покривање на погребалните трошоци. Од друга страна, по смртта на примателот на издршката, неговиот имот му се отстапува во сопственост на давателот на издршката.[8]

Согласно наведената одредба, за да може ЦСР да склучи договор за доживотна издршка потребно е да добие согласност од Министерството за труд и социјална политика. Во спротивно вака склучениот договор би бил апсолутно ништовен. Поради немањето таква согласност, судијата, односно нотарот не би можел да им потврди таков договор на заинтересираните договорни страни. Во секој поединечен случај, министерството го оценува договорот и сите

[5] Споредбено во српското наследно право е предвидено посебен случај за ништовност на договорот. Ништовен е договорот во кој давателот на одржување е физичко или правно лице кое се грижи за примателот на издршката (медицински персонал, болници, разни агенции итн.) во рамките на неговото занимање, односно дејност, е ништовен доколку договорот претходно не бил одобрен од надлежниот орган за старателство. Оваа одредба е донесена во српското право исклучиво во насока на заштита на примателот на издршката. Види член 196 од Zakon o nasledivanju.https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_nasledjivanju.html

[6] Со услуги на вонсемејна заштита се обезбедува основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита.

[7] Види член 296 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.5.2019 година)

[8] Од направената анализа може да се забележи дека вакви договори постојат во пракса на територија на РСМ, каде како давател се јавува ЦСР. Имено, Од досегашната пракса кога во важност бил стариот Закон за социјална заштита со Договорот за доживотна издршка, Центарот за социјална работа (давателот на издршката) се обврзувал на примателот на издршката да му обезбеди постојана парична помош, право кое со новиот Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/19) како такво повеќе не постои, додека пак примателот на издршката се обврзувал по неговата смрт да го остави во наследство својот имот на давателот на издршката определен во договорот.

други можни обврски од договорот пред давање каква било согласност. Според ова, ваквата одредба е во целост во најдобар интерес на примателот на издршката.

Оваа можност за Центарот за социјални работи да биде давател на издршка може да се оправда и со можноста, за стекнување право на сопственост на недвижности, што може да се искористи во рамките на редовната работа на центарот. Оваа аргументација ја оправдува можноста за склучување на договори со овие правни лица.

*Обврски на давателот на издршката.* - Според природата на договорот, давателот на издршката, најпрвин се стекнува со обврски. Давателот на издршката за предмет на својата обврска го има, задоволувањето на потребите на примателот на издршката заради одржување на животот. Обврската за издржување се состои од низа давања и сторувања, со цел да се задоволат неопходните потреби на примателот. Содржината на обврските првенствено се определува со самиот договор за доживотна издршка. Договорните страни имаат слобода самостојно да ги уредат своите права и обврски. Големината и обемот на издржувањето пред се зависи од она што е договорено, но доколку во договорот не се определени, обемот на издржувањето се цени според потребите на примателот на издршката и можностите на давателот на издршката.

Најчесто во договорот како обврска на давателот на издршката е предвидено на примателот да му обезбеди: исхрана, стан, облекување, негување, лекување, а исто така да ги намири трошоците кои се појавуваат во врска со начинот на животот на примателот на издршката. Тука спаѓаат и трошоците кои се однесуваат на личните и културните потреби на примателот. Квалитетот и правото на издржување кои ги гарантира законот за примателот на издршката, јасно покажува дека законодавецот посебно се грижел за заштитата на овие лица, не само за нивната физичка егзистенција, туку и за заштита на нивното достоинство, а нивната конкретизација е обликувана со науката и судската пракса. Обврските давателот на издршката ги презема за време на живот на примателот, но одредени обврски е должен да ги преземе и по неговата смрт (погреб, подигнување на надгробен споменик, помен и слично). Своите обврски давателот треба да ги изврши совесно и навремено.

Во наследно-правното законодавство на Хрватска се предвидува содржината на издржувањето на примателот, вклучувајќи обврска за храна, нега и грижа за здравјето на примателот и задоволувањето на другите основни животни потреби, поднесувањето на трошоците за сместување на примателот и трошоците за погреб, се она што ги задоволува секојдневните и најважните потреби на примателот на издршката.[9] Наспроти тоа, нашиот закон не предвидува конкретно во што се состои обврската на давателот на издршка. Оваа може да резултира во несигурност за примателот, особено во случај на судски спорови. За да се подобри заштитата на примателот на издршката, нашиот закон би требало да се надополни, вклучувајќи јасно определување на обврската на давателот на издршката, со што ќе се обезбеди поголем степен на заштита на примателот.

Според член 25 од Повелбата за основните права на , државите членки се задолжени да гарантираат ефективна заштита на правата на старите и изнемоштени лица. Имајќи го сето погоре изнесено, а во контекст на договорот за доживотна издршка, одговорноста за обезбедување на ефективна заштита на правата на старите лица согласно правото на ЕУ лежи на давателот на издршката и на органите на државата. Давателот на издршка има правна и морална обврска да се грижи за благосостојбата на примателот на издршката и да му ги обезбеди сите потребни услови за достојно живеење. Органите на државата, пак, треба да осигурат систем на надзор и интервенција во случај на злоупотреба или незаконито запоставување на правата на старите лица. Од ова следува дека и давателот на издршката и органите на државата, вклучувајќи ги и центрите на социјална работа како носители на јавни овластувања имаат клучна улога во обезбедувањето на заштита на старите лица.

[9] Види член 579 став 2 од Законот за облигациони односи (35/05, 155/23) на Хрватска

**Останати предизвици со кои се соочуваат старите лица во договорите за доживотна издршка**

Како што веќе објаснивме погоре, најчесто приматели на издршка се постари лица кои се болни и физички немоќни, зависни од помош на други. Со оглед на ова, не ретко се случувало примателот на издршката, да не е запознаен со сите права и обврски кои произлегуваат од договорот и да ги истражат сите можни последици. Понекогаш се случувало некои од нив да го склучат договорот за доживотна издршка и кога се свесни дека условите не се во нивна корист, сметајќи дека немаат друг избор (Klasiček, 2019).

Сепак, не може да се негира дека примателот на издршката денес не е подобро заштитен. ЗОО прецизно дефинира дека јавните органи треба да учествуваат во склучувањето на овој договор. Од одредбите на ЗОО произлегува дека за склучување на договорот за доживотна издршка се бара најстрога форма што е пропишана за некоја правна работа, а тоа е солемнитетната форма и тоа заверка од страна на судија или нотар и во присуство на двајца сведоци.[10] Пропишаната форма е суштествен елемент за полноважност на договорот, па доколку не биде запазена, договорот не произведува правно дејство. Ваквата форма е во улога на заштита на примателот на издршката, но и на неговите нужни наследници. Тоа го подвлекува и самиот законодавец, предвидувајќи обврска на судијата, односно нотарот да го предупреди примателот на издршката за последиците од договорот, што ја минимизира можноста за очигледен недостаток на волјата на страна на примателот на издршката (Stanković, 2010). Освен тоа, оваа форма служи како доказ дека договорот за доживотна издршка е склучен, како и гаранција за извршување на меѓусебните договорни обврски, што укажува на тоа дека формата е повеќе предвидена во интерес на заштита на примателот на издршката, кое како старо лице и изнемоштени му се гарантира исполнување на неговите права од договорот. Оваа постапка обезбедува дека примателите на издршката се запознаени со своите права и обврски, како и со сите можни последици, што го намалува ризикот од евентуални злоупотреби. Со формата се овозможува и евентуално докажување дека се преземени некои дејствија и создава сигурна основа за внесување на правно релевантните факти во јавниот регистар.

Посебно важно е што постапката може да вклучи и запишување на договорот во јавните книги, т.е. во катастарот на недвижностите, што го обезбедува неговиот објективен карактер и дава дополнителна сигурност на договорните страни. Ова покажува дека државата презема одговорност за заштита на старите лица и обезбедува одреден степен на нивен надзор, осигурувајќи дека сите договори се склучени во согласност со законот и во најдобриот интерес на сите вклучени страни.

Меѓутоа, иако напред изнесените аргументи ја оправдуваат невалидноста на договорот за доживотна издршка, во случај на неисполнување на формалните услови предвидено со закон, постојат ситуации каде поништувањето на договорот може да предизвика поголема штета спрема примателот на издршката, особено ако недостатоците во однос на формата се минимални, а договорот подолго време се извршувал. Имено, инсистирањето за поништување на договорот секогаш кога не се исполнети законските услови за негово склучување, може да биде не само неправично, туку во некои случаи може да претставува и злоупотреба на правата. Во интерес на примателот на издршката, се смета за оправдан ставот на судската пракса да се дозволи конвалидација на договорот во случај на минимални недостатоци во формата на договорот, или ако давателот на издршката во целост или во најголем дел веќе ја исполнил својата обврска.[11] Ова пристапување не само што го штити интересот на примателот на

[10] За формата на договорот за доживотна издршка види член 1030 од ЗОО. Сведоци можат да бидат само лица кои можат да бидат сведоци при составување на судски тестамент. Согласно член 70 од Законот за наследување при составување на судски тестамент можат да бидат сведоци полнолетни лица на кои не им е одземена деловната способност и кои знаат да читаат и пишуваат , а го разбираат и јазикот на кој е составен тестаментот.

[11] Тоа што при заверката на договорот за доживотна издршка присуствувал сведок кој како близок роднина на примателот на издршката не би можел да биде сведок – не е од одлучно влијание за поништување на договорот за доживотна издршка ако согласно член 73 од ЗОО договорните страни ги извршиле своите обврски во целост или во претежниот дел. (ВСРМ Рев.753/95 од 23.05.1996год и Рев од 28.05.1996 година)

издршката, туку спречува непотребни правни процеси и гарантира важност на веќе постоечкиот договор.

Заштитата на примателот на издршката се остварува и преку можноста за раскинување и поништување на договорот кои институти се нормирани со ЗОО.[12] Значаен придонес во остварување на оваа заштита дава и многубројната судска пракса, особено преку прецизирање на правните стандарди за оценка на промените во меѓусебните односи до степен на неподносливост и отсуство на неизвесноста кај давателот на издршката во поглед на должината на животот на примателот на издршката.

Со оглед дека генерално судските постапки траат подолго, а примателите на издршката кај овој договор се претежно повозрасни, може да се случи овие лица да починат пред да се донесе правосилна судска одлука. Затоа, следниот предлог е да се утврди дека споровите што произлегуваат од договорот за доживотна издршка треба да се сметаат за итни постапки.[13] Итното решавање на ваквите спорови е во согласност со посебните услови за раскинување на договорот, како заедничкиот живот, неизвесноста во времетраење на овие договори и содржината на обврските на давателот на издршката. Токму поради ова законот предвидува можност за раскинување на договорот за доживотна издршка во случај договарачите да живеат заедно, па нивните односи толку се растројат што заедничкиот живот станал неподнослив. Оваа причина за раскинување на договорот е предвидена единствено кај овој вид на договор, врз основа на која договорните страни можат да барат од судот да го раскине договорот.

Според тоа, во спорови кои произлегуваат од договорите за доживотна издршка може да се определи одреден временски период во кој мора да се донесе првостепена одлука. Доколку се оди во таа насока, треба да се ограничи и времето на донесување на одлуката на второстепениот суд, во случај на жалба. За да се забрза сè, може да се утврди и дека само одредени судии ќе бидат специјализирани за вакви постапки, бидејќи би биле добро запознаени со проблемите што произлегуваат од овие договори и судската пракса што се однесуваат на нив, што секако ќе придонесе за побрзо и поправично решавање на овие постапки.

### Договорот за доживотна издршка во земјите членки на ЕУ

Истражувањето за правното регулирање на договорот за доживотна издршка во другите правни системи претставуваше предизвик, бидејќи е тешко точно да се утврди во кои земји членки на ЕУ е регулиран. Во процесот на истражување, присуството на овој вид на договори е забележан во правните системи на Бугарија, Словенија и Хрватска. Исто така, овој договор како правен институт се среќава и во Швајцарија, Германија (Грујић, 2010).

*Во хрватското право.* Со оглед на темата и предметот на истражување, забележани се некои интересни новости и разлики во договорот за доживотна издршка, па затоа особено ќе се задржиме на хрватското право.

Во Хрватска договорот за доживотна издршка е регулиран со Законот за облигациони односи како именуван договор под називот „Ugovor o dozivotnom izdrzavanju (uz prjineos imovine nakon smrti)". Одредбите кои ги регулираат овие договори се прилично идентични со оние на македонскиот закон за облигациони односи. Поради историски и правни сличности помеѓу македонскиот и хрватскиот правен систем, кои потекнуваат од заеднички извор како дел од поранешна Југославија, не е чудно што нивното законодавство е насочено кон постигнување исти резултати – заштита и правна сигурност за сите вклучени страни. Оттука за очекување е дека истите предизвици што ги има во македонскиот правен систем, во врска со овие договори, се појавуваат и во Хрватска.

Иако овие договори имаат благородна и несебична цел - помагање на постарите, тие често се средство за измама и манипулација на „послабата" страна, односно постарите граѓани кои повеќе не се во можност да се грижат за себе. Со оглед на почестите случаи кои се јавуваат, Хрватска зема иницијатива да направи значајни промени и да ја подобри законската регулатива

[12] Раскинувањето и поништувањето на договорот за доживотна издршка се уредени со членовите 1033-1035 од ЗОО.
[13] Ваква новина е предвидена во Хрватското законодавство, со Закон за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи од декември 2023 година.

во оваа област. Ова е важен чекор кој цели да се спречат слични злоупотреби во иднина и да се обезбеди заштита на правата на примателите на доживотна издршка. Една од значајните промени е ограничувањето на бројот на договори за доживотно издржување на страната на давателот, кој е ограничен на максимум три склучени договори - затоа, еден давател на издржување може да има најмногу три склучени договори за доживотно издржување.[14] Важно е да се наспомене дека ако овој број се надмине, секој следен договор автоматски се смета за ништовен.

Другата значајна измена е воведувањето на Регистар на договори за доживотна издршка, заради систематизирање и проверка на бројот на склучени договори.[15] Следната измена е во контекст на запишување на договорот во земјишниот регистар доколку предмет на договорот е недвижен имот, т.е. запишување на договорот во јавниот регистар, доколку предметот е движен имот. [16] Оваа одредба придонесува за зголемена правна сигурност преку информирање на сите дека недвижноста/движењето е „оптоварено" со договор за доживотна издршка.

Новите измени содржат детална дефиниција на содржината на издршката, која треба да ги исполни основните животни потреби на примателот на издршката во однос на местото на живеење, грижата за храната, здравјето, комуналните трошоци, со цел појасно да се дефинираат обврска на давателот на издршката и да се спречи негово евентуално избегнување. Понатаму, во измените појасно е дефинирано упатството за правата и обврските на договорните страни, така што нотарот/судијата ќе го прочита договорот, ќе ја објасни разликата и ќе ги предупреди за правата и обврските, со цел тие да бидат посвесни за последиците што произлегуваат од гореспоменатиот договор.

Во иста насока, со цел да се заштитат постарите граѓани, се менува и Законот за парнична постапка со воведување итни судски постапки во постапки поврзани со раскинување и промена на договори за доживотна издршка.

*Во словенечкото право.* Во словенечкото право договорот за доживотна издршка е регулиран во Законот за облигациони односи[17], се појавува под називот „Pogodba o dosmrtnem preživljanju". Со оглед на темата на овој труд, не постојат некои специфичности и проблеми кои се разликуваат во однос на нашето законодавство. Една интересна одредба во законот се однесува на можноста давателот на издршката да се откаже од располагањето со имотот што е предмет на договорот за доживотна издршка во корист на примателот на издршката.

*Во бугарското право*. Во Бугарија, согласно направеното истражување постои можност за склучување на договор за доживотна издршка (прехвърляне на имот срещу издръжка и гледане – пренос на правото на сопственост врз недвижен имот во замена за одржување и грижа). Овој вид на договор не е специфично регулиран со Законот за облигациони односи и договори во Бугарија. Сепак, договорот за доживотна издршка може да се склучи доколку се придржува на општите правила за важноста на договорите. Овој договор е прилично сличен на македонскиот договор и слични предизвици се појавуваат и во Бугарија. Договорот за пренос на правото на сопственост врз недвижен имот во замена за одржување и грижа претставува писмен договор во форма на имотен лист според кој едно лице (преносител) ја пренесува сопственоста на сопствениот имот во замена за обврска на лицето кое го добива имотот (стекнувачот) да обезбеди доживотно одржување и нега. Најчесто пренесувачите во таквите договори се стари

---

[14] Види член 580 од Zakon o obaveznim odnosima (NN 155/2023).

[15] По службена должност, податоци за склучувањето, промените и раскинувањето на наведените договори, како и за постапките започнати заради измена, раскинување, поништување или поништување на договори за доживотна издршка или договори за доживотна издршка и начинот на правно завршување на започнатата процедури, се внесуваат во Регистарот.

[16] Пред измените давателот на издршката бил овластен да бара упис на договорот во земјишниот регистар/јавниот регистар, но не бил должен да го стори тоа. Со новата измена, се предлага овластеното лице (судија/нотар) по склучување на договорот, доколку предметот е недвижен имот, договорот за доживотно издржување да го прибележи во земјишниот регистар доколку предметот на договорот е недвижност, односно прибележување на договорот во јавниот регистар, доколку предметот е движен имот или право. Оваа одредба придонесува за зголемена правна сигурност преку информирање на сите дека недвижноста/движењето е „оптоварено" со договор за доживотна издршка.

[17] Види повеќе: http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO1263

лица кои го пренесуваат својот имот во замена за правото на доживотно одржување и грижа што им е потребна. Во исто време, таквиот договор ја уредува идната распределба на средствата.[18]

Кога станува збор за другите земји членки на ЕУ, немаше можност детално да се истражат какви се правилата за овие видови договори. Меѓутоа, ако хрватските, словенечките и бугарските земји го регулираат ова прашање, истите треба да бидат индикатори, и може да се очекува дека овие видови договори се дозволени низ ЕУ, без разлика дали тие се конкретно дефинирани во нивните соодветни законодавства. Она што исто така може да се очекува е дека истите прашања што се појавуваат во овие правни системи во врска со овие договори, се појавуваат и во другите земји кои се членки на ЕУ.

**Заклучок**

Во поглед на целта на нашето истражување да се процени дали договорот за доживотна издршка може да се користи како ефективен правен инструмент за да се обезбеди заштита на старите лица во контекст на член 25 од Повелбата на ЕУ, нашата анализа покажа дека овој договор нуди потенцијални предности и може да игра значајна улога во заштита на старите лица. Имајќи во предвид дека првичната цел на законодавецот при регулирање на овој договор беше да се заштитат старите и изнемоштени лица кои не можат да се грижат самите за себе, се потврдува дека овој договор претставува значаен инструмент за заштита на старите лица.

Одговорноста за обезбедување на адекватна заштита на старите лица лежи на давателот на издршката и на органите на државата. Давателот на издршка има правна и морална обврска да се грижи за заштита на примателот на издршката и да му обезбеди сите потребни услови за достојно живеење. Органите на државата, пак, треба да осигурат систем на надзор во случај на злоупотреба или незаконито запоставување на правата на старите лица.

Важна улога во заштита на примателот на издршката кај договорот за доживотна издршка имаат и правната наука и судската пракса, кои преку прецизирање на предметот, квалитетот и обемот на обврската на давателот на издршката допринесуваат до остварување на суштината на овој договор. Сепак треба да се истакне дека постојат потреби за подобрување на правната рамка и појаснување на правата и обврските на договорните страни.

Со оглед на зголемената посветеност кон заштита на примателите на издршка во современите општества, станува очигледна потребата од адаптирање на законската рамка. Во овој контекст, се појавува неопходноста за изменување и дополнување на постоечките правни механизми. Овие промени ќе обезбедат подобра заштита на правата и интересите на примателите на издршка, во соодветност со современите потреби и предизвици. Овие адаптации се суштински за да се осигура ефикасна и справедлива заштита на старите лица кои зависат од договорот за доживотна издршка.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**Учебници, монографии, статии**

А.Панева. (2023). Раскинување на договорот за доживотна издршка поради променети околности. Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет, Штип

Галев Г. & Дабовиќ Анастасовка Ј. (2021). Облигационо право. Скопје

D. Klasiček, S. Šimleša Vučemilović. Certain issues concerning contracts on support for life and contracts on support until death.

И. Гаврић. (2014). Субјекти уговора о доживотном издржавању, Гласник АКВ, str.431-447

M.Stankovič. (2010) Ugovor o doživotnom izdržavanju u srpskom pozitivnom parvo. Pravni zivot 10/2010

M.Stankovič. (2011) Zastita primalca prema pravilima o prestanku ugovora o doživotnom izdržavanju u srpsko pozitivnopravo. Pravni zivot 10/2011

M.Ubavič. (2004). Ugovori o doživotnom izdržavanju, Beograd

Мицковиќ Д. & Ристов А. (2014). Наследно право. Скопје

[18] Види повеќе: https://id-lawoffice.com/bg/услуги/прехвърляне-на-имот-срещу-издръжка-и-г/

N. Subotić-Konstadinović. Ugovor o doživotnom izdržavanju.
Н. Грујић. Давалац издржавања код уговора о доживотном издржавању. Pravni zapisi, Godina I, str.495-515
Чавдар К., Чавдар. К. (2012). Коментар на Законот за облигационите односи. Скопје: Академик
Прехвърляне на имот срещу издръжка и гледане. https://idlawoffice.com/bg/услуги/прехвърляне-на-имот-срещу-издръжка-и-г/
Zbornik radova. (1997). Ugovor o doživotnom izdržavanju. Nis

**Правни прописи**
Законот за облигациони односи („Службен весник на РСМ“, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/1, 123/13, 215/21),
Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.5.2019 година)
Zakon o obveznim odnosima HR,
(NN35/05, 41/08, 125/11, 78/15, 29/18, 126/21, 114/22, 156/22, 155/23) na snazi od 30.12.2023,
Zakon o nasledivanju. (Sl.glasnik RS, br.46/95, 101/2003-odluka USRS 6/20)
Chapter of fundamental rights of the European Union (Official Journal of the European Communities 2000/C 364/1)
European Charter of the rights and responsibilities of older people in need of long-term care and assistance, June, 2010
Obligacijski zakonik (Uradni list RS, št. 97/07 , 64/16 – odl. US in 20/18 – OROZ631) http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO1263

**Судски одлуки**
ВСМ, Рев. Бр.58/82 од 23.02.1982 година
ВСМ, Рев.бр.156/79 од 20.06.1979 година
Одлука на ВСМ Гж. Бр.90/73 од 08.11.1973
ВСРМ Рев.753/95 од 23.05.1996год и Рев од 28.05.1996 година